Врз основа на член 67 став 4 од Уставот на Република Македонија и член 12 став 1 и член 15 ставови (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14 и 30/14), претседателот на Собранието на Република Македонија, на 6 март 2014 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
# ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Се распишуваат предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија.

II

Изборите ќе се одржат на 27 април 2014 година.

III

Роковите за извршување на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Македонија".

IV

Решението ќе го спроведат Државната изборна комисија, општинските изборни комисии, избирачките одбори и избирачките одбори за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија.

V

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08 - 1437/1
6 март 2014 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА**

Трајко Вељаноски